ОПШТИНА БИТОЛА

| Примено: | 04-03-2025 | | |
|---|---|---|---|
| Организациона единица | Број | Прилог | Вредност |
| 11 | 36/1 | | |

( Образец ПП……)

До: Општина Битола
ул. Бул. „1-ви Мај“ бр.61
7000 Битола, РС Македонија
Евгенија Чукалева - службено лице задолжено за посредување при остварувањето на правото за слободен пристап до информации од јавен карактер
e-mail: evgenija.cukaleva.ob@gmail.com
(имател на информацијата)

## Б А Р А Њ Е

## ЗА ПРИСТАП ДО ИНФОРМАЦИИ ОД ЈАВЕН КАРАКТЕР

Од: [redacted]а, со телефонски [redacted]
маил адреса [redacted]
(се наведуваат податоци за Барателот: назив, име и презиме, адреса, тел, фах, е-маил)

Застапник / полномошник на барателот на информацијата:
[redacted]
(се наведуваат податоци за можниот застапник/полномошник на Барателот: назив, име и презиме, адреса, тел, фах, е-маил)

Врз основа на член 4 и член 12 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер (Службен весник на Република Северна Македонија број 101/2019), и согласно член 51 од Законот за животна средина, од Имателот ја барам следната информација од јавен карактер:

Ве молам да ме информирате во врска со состојбата со следните документи, кои се обврзни согласно националното законодавство и општината треба да ги поседува. Некои од подолу наведените документи не се законски обврзни, но законот дава можност општината да ги изработи, усвои и реализира.

Согласно член 56 од Законот за животна средина, Субјекти кои поседуваат информации за животната средина (каде се вбројуваат и ЕЛС), се должни, во зависност од нивната надлежност, информациите за животната средина со кои располагаат или кои други ги чуваат во нивно име, да обезбедат ширење, достапност на јавноста и одржување на информациите, во форми и во формати кои можат лесно да се репродуцираат и да бидат достапни преку мрежите на електронска комуникација.

1. Колку финансиски средства во буџетот за 2024 год. беа испланинари за проекти и активности во рамките на програмата за животна средина на Општина Битола за 2024 год.?
2. Наведете ги сите проекти и активности во 2024 год. кои биле реализирани, како дел од програмата за животна средина на Општина Битола, со поединечно потрошени финансиски средства и соодветна намена на потрошените средства?
3. Колку финансиски средства во буџетот за 2025 год. се испланинари за проекти и активности во рамките на програмата за животна средина на Општина Битола за 2025 год.?
4. Наведете ги сите проекти и активности за 2025 год. кои се планираат да бидат реализирани, како дел од програмата за животна средина на Општина Битола, со поединечно наведени финансиски средства и соодветна намена?

(опис на информацијата која се бара)

Начин на кој Барателот сака да се запознае со содржината на бараната информација:

- а) увид
- б) препис
- в) фотокопија
- **г) електронски запис**
- д) друго ________________________________________

(се наведува бараниот начин, со заокружување)

Начин на доставување на информацијата:

- а) по пошта
- б) телефон
- в) факс
- **г) е-маил**
- д) друго ________________________________________

(се наведува бараниот начин, со заокружување)

Правна поука: Барателот не е должен да го образложи барањето, но е потребно да наведе дека се работи за Барање за слободен пристап до информација од јавен карактер.

**Потпис**

**Во Битола, 24.02.2025 година .** ____________________________________

(доколку барањето се поднесува во хартиена форма)

ОПШТИНА БИТОЛА

**Сектор за правно - нормативни, административни и општи работи**
**Одделение за административни и општи работи**

До
Одделение за животна средина

Бр.11-36/2
04.03.2025

**Предмет: Доставување на Барање за пристап до информации од јавен карактер**

Ви го доставувам барањето бр. 11-36/1 за пристап до информации од јавен карактер.

Ве молам за писмено известување по однос на истото (одговор) во рок од 5 работни дена.

Примил:
4.03.2025

Лица за посредување при остварување
на слободен пристап до информации
од јавен карактер

Емилија Илиевска

"Булевар 1ви Мај" бр. 61 7000 Битола Република Северна Македонија
тел: 047 234 234 047 208 302 факс: 047 208 307 e-mail: bitola@t-home.mk www.bitola.gov.mk

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА БИТОЛА
Примено: 12-03-2025
| Организациона единица | Број | Прилог | Вредност |
|---|---|---|---|
| 11 | 36/3 | | |

ОПШТИНА БИТОЛА

**Сектор за спроведување на урбанистички планови, урбанистичко планирање, заштита на животната средина, комунални дејности и уредување на градежно земјиште**

Одделение за урбанистичко планирање и заштита на животната средина

бр.11-36/3 од 10.03.2025 година, Битола

До
Емилија Илиевска
Лице за посредување при остварување
на слободен пристап до информации
од јавен карактер

ПРЕДМЕТ: Одговор на Барање за пристап до информации од јавен карактер, предмет бр.11-36/1 од 04.03.2025год.

Во врска со Барањето за пристап до информации од јавен карактер бр.11-36/1 од 04.03.2025год, испратено до Општина Битола од страна н[redacted]е информираме за следното:

1. Во рамки на Програмата за заштита на животната средина на Општина Битола за 2024год, за проекти и активности беа испланирани 9.330.000,00 денари од Буџетот на Општина Битола за 2024година.

2. Проекти и активности реализирани во 2024 година како дел од Програмата за животна средина на Општина Битола за 2024година се следните:

- **Изработка на Зелен Катастар дел трети** - Според Законот за јавно зеленило член 5 став 1 и согласно издвоените финансиски средства во Програмата за животна средина, изработен е стратешкиот документ Зелен катастар **дел трети**. Со изработка за Зелен катастар дел 3 попишани се нови 12 000 точки на територијата на Општина Битола и тоа на следните потези: Потег Градски парк-АРМ-Партизанска Шик Лавци- Кружен тек Веро-Парк Стив Наумов-улица Филип Втори Македонски- Баталјон Стив Наумов-Карпош/Кланица-ул.Васко Карангелевски – реализирани 1.000.000,00 денари
- **Ажурирање на катастар на загадувачи** - Во Програмата за животна средина за 2024 година беа предвидени средства за Ажурирање на катастар на загадувачи кои не се реализирани бидејќи Општина Битола е избрана како Пилот општина за изработка на Катастар на загадувачи на воздухот од страна на Министерството за животна средина и просторно планирање преку Секторот за Македонски информативен центар за животна средина. Одделението за урбанистичко планирање и заштита на животната средина е во постојана координација со МЖСПП и изработувачот Технолаб со цел испраќање на потребните податоци за изработка на истиот. Со доставување на Катастарот на загадувачи од страна на Министерство за животна средина и просторно планирање истиот ќе биде поставен на страната на Општина Битола.

- **Субвенции** - Во делот на субвенции, успешно се реализирани следните јавни повици:
  - **Субвенционирање на инвертер клима уреди**, во вредност од 3.000.000,00 денари
  - **Субвенционирање на замена на дограма за домаќинства**, во вредност од 2.000.000,00 денари
  - **Субвенционирање на велосипеди**, во вредност од 1.000.000,00 денари
  - **Субвенционирање на зелени поени** согласно Проект за поставување на вендинг машини со Пакомак, во вредност од 300.000,00 денари. Општина Битола во соработка со ПАКОМАК потпиша Договор за соработка и Договор за донација во 2024 година за поставување на вендинг машини за селекција на пластични шишиња и лименки во поголемите маркети, а обврската на општината е стимулирање на граѓаните со поврат на средства за секое вратено шише/лименка од 0,5 денари.

Во текот на 2024година реализирани се проекти и активности за кои не се користени финасиски средства од Буџетот на Општина Битола за 2024година:

**- Реализација на Планот за подобрување на квалитетот на амбиенталниот воздух и спроведување на мерките предвидени во Планот** - Континуирано оценување на квалитетот на амбиенталниот воздух кое се врши врз основа на редовни мерења преку државната мрежа и информирање на јавноста преку Соопштенија при надминување на Праг на информирање и Праг на аларамирање

**- Проект „ЕУ за чист воздух" (EU4CleanAir)** - Проектот е финансиран од Европската унија, а се имплементира од УНОПС во соработка со МЖСПП со буџет од 10 милиони евра. Проектот е насочен кон намалување на емисиите на загадувачки емисии и материи и за подобрување на квалитетот на воздухот во четири градови вклучувајќи ја и Битола. Покрај останатите активности кои беа дел од истиот, на општината и се донирани 1.500 садници(дрвја) со цел зголемување на зелени површини и намалување на загадувањето. Засадувањето на дрвјата се спроведуваше во соработка со ЈП Комуналец на повеќе локации и тоа: Нова Битола, парк Довлеџик, Градскиот парк и влезот на Битола од страната на Прилеп.

**- Управување со отпад – Акција за чистење на Општина Битола** - Општина Битола во соработка со Пивара Скопје, Пакомак, Министерството за животна средина, Министерство за земјоделие и Мен енд Маунтен спроведе акција под мотото Генералка викенд 2024 година. Во истата учествуваа околу 1000 учесници од основни и средни училишта, јавни претпријатија, приватни фирми како и месно население од урбани заедници, се со цел чистење на диви депонии, селекција на отпад (пластика,хартија и стакло) во основните и средни училишта. Крајната цел на акцијата е подигнување на јавната свест и грижа за животната средина.

**- Проект Одржливо управување со отпадот** во партнерство помеѓу Општина Битола, САЛАР интернационал, Министерство за животна средина и просторно планирање и Заедниците на единиците на локална самоуправа како главни чинители во соодветните области на управување со отпадот. Општина Битола беше избрана како пилот општина, формирана е работна група и истата учествуваше во изработка на Оперативен регионален план за управување со отпад, а потоа од него произлезе и Локален акционен план за управување со отпад на ниво на Општина Битола (2024-2025). Согласно Договорот за јавна набавка на Министерството за животна средина на Општина Битола и се доделени 1212 канти и 59 контејнери. Како успешна акција спроведена согласно

акција од ЛАП е започнувањето на селекцијата на пластика во најголемата населба во Битола, Јени мале.

3. Во рамки на Програмата за заштита на животната средина на Општина Битола за 2025год, за проекти и активности се испланирани 9.000.000,00 денари од Буџетот на Општина Битола за 2025година.

4.Согласно Програмата за заштита на животната средина за 2025год, предвидени се следните проекти и активности:
- **Изработка на Зелен катастар дел четврти**, во вредност од 1.000.000,00 денари
- **Редизајнирање на постоечки простори за одлагање и селекција на отпад и на јавни зелени површини на колективни станбени згради**, во вредност од 2.000.000,00 денари
-**Кампањи за подигање на јавната свест за заштита на животната средина, управување со отпад**, во вредност од 100.000,00 денари
- **Изработка на Катастар на стационарни извори на бучава**, во вредност од 200.000,00 денари
- **Изработка на Катастар на загадувачи на води**, во вредност од 200.000,00 денари
- **Изработка на Катастар на отпад**, во вредност од 500.000,00 денари

Во делот на субвенции, предвидени се следните средства:
- **Субвенционирање на инвертер клима уреди**, во вредност од 3.000.000,00 денари
- **Субвенционирање на замена на дограма за домаќинства**, во вредност од 1.000.000,00 денари
- **Субвенционирање зелени поени Проект поставување на вендинг машини со Пакомак**, во вредност од 300.000,00 денари
- **Трансфери на средства до училиштата за набавка на прочистувачи на воздух**, во вредност од 700.000,00 денари

Реализацијата на одредени проекти и активности кои се спроведуваат од страна на Општина Битола, не е врзана со финасиски средства од Буџетот на Општина Битола за 2025година:
- **Реализирање на Планот за подобрување на квалитетот на амбиентниот воздух на подрачјето на Општина Битола.**
- **Изработка на Краткорочен акционен план за чист воздух**
- **Акција за чистење на градот** – Генералка викенд - Актуелна активност - МЕН ЕНД МАУНТЕН ДОО-МХХХ Скопје донира садници, 45 дрвја (родни садници) кои се претходно обезбедени преку донации од приватни и корпоративни донатори а со цел истите да се засадат во општините кои учествуваа во проектот „ГЕНЕРАЛКА ВИКЕНД". Садниците се бесплатни за општината.
- **Спроведување на мерки од Локален акционен план за управување со отпад**
- **Подигнување на нови зелени површини**

Сакаме да напоменеме дека финансирањето на проектите од Програмата за животна средина, се врши од средства на: Буџетот на РСМ, Буџетот на Општина Битола,средства на заинтересирани правни и физички лица чиишто барања и подрачја на интерес се прифатливи за Општината, донации, меѓународни фондови…

Во текот на годината, Годишната Програма може да се менува и дополнува, во зависност од стратегијата и потребите на Општина Битола.

Со почит,

Изработил:
Катерина Секулоска

Раководител на Одделение

м-р Валентина А. Кривашија диа

ОПШТИНА БИТОЛА
**Сектор за правно - нормативни, административни и општи работи**
**Одделение за административни и општи работи**

Бр.11-36/4
12.03.2025

Врз основа на член 20, став 1 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 101/2019), постапувајќи по Барањето информација од јавен карактер од барателот [redacted] поднесено на **04.03.2025 година**, имателот на информацијата **Општина Битола** го донесе следното:

## РЕШЕНИЕ

**СЕ УВАЖУВА** барањето на [redacted] по барање за пристап до информации од јавен карактер **бр.11-36** од **04.03.2025 година**, каде бара информации за финансиски средства испланирани за буџетот во 2024та година, проекти и активности реализирани во 2024 година, испланирани финансиски средства во буџетот за 2025та година, и планирани проекти за реалзиацига во 2025та година.

## ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

Барателот [redacted] поднесе барање за пристап до информации од јавен карактер до Општина Битола и заведено под број 11-36 на ден 04.03.2025 година. Во барањето наведе дека бара информации за финансиски средства испланирани за буџетот во 2024та година, проекти и активности реализирани во 2024 година, испланирани финансиски средства во буџетот за 2025та година, и планирани проекти за реалзиација во 2025та година.

Врз основа на барањето информација од јавен карактер имателот на информацијата **Општина Битола ви ја доставува информацијата и прилозите:**

1.Барање за пристап до информации од јавен карактер со бр.11-36/1 од 04.03.2025
2.Допис до Одделение за животна средина со бр.11-36/2 од 04.03.2025
3.Одговор од Одделение за животна средина со бр.11-36/3 од 12.03.2025

**ПРАВНА ПОУКА:** Против ова Решение може да се поднесе жалба до Агенцијата за заштита на правото на слободен пристап до информации од јавен карактер во рок од 15 дена од приемот на Решението.
Решено во **Општина Битола** на 12.03.2025 година, под бр. 11-36/4.

**Службени лица за посредување при остварување**
**на правото на слободен пристап**
**до информации од јавен карактер**

**Емилија Илиевска**

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА · ОПШТИНА БИТОЛА